


Македонско здружение на млади правници

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

www.myla.org.mk

**CUPIDA LEGUM IUVENTUS**

# Порака од Претседателите

Секоја година е важна за МЗМП и за нашата визија. Оваа година особено, затоа што иако соочени со предизвиците кои ги донесоа политичката клима во државата и бегалската криза, нашиот стремеж за општество во кое владеењето на правото е воспоставено и во кое граѓаните активно се борат за своите права не стивна. Напротив, продолживме уште попосветено да работиме и преку зголемување на нашиот тим и јакнење на соработката со партнерите и институциите се доближивме уште повеќе до реализирањето на нашата визија.

Нашата работа беше насочена кон подобрување на пристапот до правна помош на најмаргинализираните лица во нашето општество и кон директно вклучување во изградбата на самоодржлив државен систем на заштита на човековите права во Македонија. Тимот на млади професионалци неуморно работеше во текот на цела 2016 година со цел да го подобри квалитетот на своите услуги, како и што повеќе да се доближи до барањата и потребите на младите правници. Доказ за успешноста во исполнување на зададените цели се, веруваме, големиот број на проекти и склучени партнерства, кои МЗМП успеа да ги добие и успешно реализира во текот на изминатата година.

Работевме на тоа Македонија да обезбеди соодветен пристап до правна помош и правни процедури за бегалците, барателите на азил и мигрантите преку младите правници присутни на двете граници со Грција и Србија, како и во прифатните центри во Скопје. Застапувавме жртви на дискриминација и на други повреди на човекови права и успеавме да идентификуваме стратешки предмети кои се надеваме дека ќе придонесат кон сериозни општествени промени во корист на граѓаните.

Обезбедивме правна едукација и практикантска работа за голем број млади правници, а работевме посветено и на обезбедување соодветни обуки од областа на човековите права и за претставниците на граѓанскиот сектор и институциите.

Се надеваме дека ќе успеете да најдете време да го погледнете овој годишен извештај и подобро да се запознаете со резултатите кои успеавме да ги постигнеме оваа година, и со тоа директно да влијаеме кон креирање на подобро утре за сите наши граѓани.



**Мартина Смилевска-Кчева**
*Претседател на МЗМП 2012 – 2016*





**Зоран Дранговски**
*Претседател на МЗМП*



# СОДРЖИНА


Клучни достигнувања 5

Правна помош 6

- Азил и миграции 8
- Бездржавјанство 9
- Дискриминација и други повреди на човекови права 10

Правна едукација 12

Истражување, политики и застапување 16

Зајакнување на јавна свест и комуникации 21

Партнери 29

Раководство 30

Контактирајте нé 32


# ЗА МЗМП

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, професионална и непрофитна организација формирана во 2003 година која обезбедува правна помош и стратешко застапување за заштита на човековите права. Користејќи го знаењето и иновативните капацитети на младите правници, МЗМП промовира владеење на правото и влијае врз политиките преку истражување и застапување. МЗМП се залага за општество во кое ќе се воспостави владеење на правото и почит за човековите права.

## Работата на МЗМП е насочена кон:

- ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА
- ИСТРАЖУВАЊЕ, ПОЛИТИКИ И ЗАСТАПУВАЊЕ

## МЗМП посветено работи во следните области:

- АЗИЛ И МИГРАЦИИ
- БЕЗДРЖАВЈАНСТВО
- ДИСКРИМИНАЦИЈА И ДРУГИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

МЗМП членува во неколку мрежи на организации на регионално и меѓународно ниво:

- Европски совет за бегалци и прогонети (ECRE)
- Европска мрежа за бездржавјанство (ENS)
- Европска мрежа за имплементација (EIN)
- AAA за граѓаните
- Соединети за меѓукултурна акција
- Балканска регионална мрежа за владеење на правото (BRLLN)
- Западно-балканска мрежа за правна помош (WeBLAN)
- Меѓународна коалиција за притвор (IDC)
- Движење против говорот на омразата
- Мрежа за подобра легислатива (RIA)

# 2016
## Клучни достигнувања

**101.735**

поединци ги користеа придобивките на бесплатната правна помош и советување што МЗМП им ги понуди

**1001**

млади правници, адвокати, претставници на институции и на граѓанското општество беа обучени за одделни теми од областа на човековите права

**147**

млади правници се стекнаа со практични знаења во 34 институции, судови и адвокатски канцеларии низ 11 градови во Македонија

**18**

специфични теми од областа на азилот, миграциите, бездржавјанството, дискриминацијата и човековите права беа истражени и промовирани

# I ПРАВНА ПОМОШ




По повод денот на човековите права, Зоран Дранговски, претседател на МЗМП и правник кој веќе шест години работи во здружението, вели дека: *„Луѓето се тие кои ги повредуваат човековите права, луѓе кои преку непочитување на законите кои се напишани за да ги штитат човековите права нанесуваат неправди и ги рушат темелите на правниот систем во државата. Се гордееме со нашите млади правници кои секојдневно низ цела Македонија се борат за заштита на човековите права преку владеење на правото.“*

*Во текот на годината, Македонското здружение на млади правници обезбеди правна помош и советување за* ***101.735 лица****, од кои* ***100.604 баратели на азил,*** *бегалци, мигранти и лица под супсидијарна заштита;* ***290 лица без државјанство*** *и лица кои се изложени на ризик да останат без државјанство,* ***421 жртви на дискриминација*** *и на други повреди на човекови права, а дополнително на* ***420 поединци*** *МЗМП им обезбеди бесплатна претходна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.*

МЗМП во 2016 продолжи да обезбедува стратешко застапување пред Европскиот суд за човекови права во Стразбург. Вкупно 11 апликации беа поднесени во текот на годината.






# БЕСПЛАТНА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Граѓаните кои се обратија до МЗМП за бесплатна правна помош ги контактираа правниците телефонски, во канцелариите на МЗМП, преку електронска пошта и сајтот pristapdopravda.mk. Вкупно 420 поединци ги користеа придобивките од претходната правна помош на МЗМП. Во 57 случаи МЗМП им асистираше на лицата кои имаат потреба од правна помош да поднесат барања за бесплатна правна помош до Министерството за правда. Сопственоста и домувањето, работните и семејните односи, правата од социјалната заштита и заштитата на деца се само дел од правните прашања кои најмногу ги засегаа граѓаните во 2016.

Најголемиот дел од граѓаните кои добија бесплатна претходна правна помош во 2016 беа жители на Општина Гази Баба кои беа засегнати од поплавите што на 6 август го зафатија целиот Скопски регион. Во текот на август и септември 2016 година, 25 правници на МЗМП се вклучија да дадат придонес од правен аспект кон побрзо и поефективно справување со предизвиканите штети. Правниците беа на располагање на терен во месните заедници Стајковци, Сингелиќ и Ченто при Општина Гази Баба и обезбедуваа информации и совети во врска со постапката за надомест на штета предвидена со Законот за заштита и спасување на лицата од засегнатите места кои што претрпеле штета од поплавите. Повеќе од 3000 домаќинства беа засегнати од поплавите, а МЗМП успеа да обезбеди бесплатна претходна правна помош на 300 лица.

# АЗИЛ И МИГРАЦИИ

Почетокот на 2016 година беше одбележан со продолжување на „бегалската криза", при што продолжи и дискриминаторската практика на дозволување протек на бегалци само од Сирија, Ирак и Авганистан. На 21 февруари 2016 година, неколку земји во Европа, меѓу кои и Македонија, ги затворија своите граници и за Авганистанците.

МЗМП обезбеди поддршка во процесот на регистрација на бегалците што беше спроведуван од страна на граничната полиција. Од 1 јануари до 7 март МЗМП асистираше при издавањето на 89.152 намери за поднесување барање за признавање право на азил. За изготвувањето на документите беа ангажирани 22 соработници за терен.

По самитот ЕУ-Турција за бегалската криза, на 7 март целосно се затворија границите на т.н. Балканска рута. На јужната граница, на 14 март, околу 2000 - 3000 бегалци се обидоа да влезат на македонска територија во близина на селото Моин, но беа пресретнати од македонската полиција и сите беа вратени во Грција. Овој обид заврши трагично за три лица кои ги загубија своите животи во обид да ја преминат реката за да стигнат во Македонија. Следеа и други повремени тензии на границите. Како резултат на затворањето на границите се зголеми бројот на бегалците кои нерегуларно пристигнуваа и транзитираа во земјата, најчесто со помош на криумчари.

Вкупно тринаесет правници на МЗМП и десет преведувачи од арапски јазик, беа присутни на јужната и северната граница во прифатно-транзитните центри „Винојуг" и „Табановце" и понудија бесплатна претходна правна помош и информации за вкупно 99.113 бегалци.

Дополнително, 1373 баратели на азил, бегалци и лица под супсидијарна заштита добија правни совети, информации и помош во постапките за азил, остварување на социјална и здравствена заштита, упис на раѓање, признавање на татковство, добивање на патни и лични документи, дозвола за престој и стекнување на македонско државјанство пред домашните и странските надлежни органи во Македонија. Правната помош правниците ја понудија во Прифатниот центар за баратели на азил и канцеларијата на МЗМП во Општината Шуто Оризари. Следствено, на седум баратели на азил во 2016 им беше признаено правото на азил (на едно лице му беше признаен статус на бегалец, а шест добија супсидијарна заштита), а Управниот и Вишиот управен суд донесоа вкупно 35 пресуди во корист на лицата кои МЗМП ги застапуваше.

Правна помош МЗМП обезбедуваше и преку бесплатната телефонска линија достапна 24/7. Во 2016 година имаше вкупно 50 повици, повеќето од нив беа од самите бегалци, а неколку од активисти и хуманитарни работници кои беа со бегалците за време на повикот. Информациите што беа дадени беа во врска со поднесување на барање за азил во полициска станица, упатување кон правниците на терен во случај на неформални враќања од Србија и изгубени документи за регистрација, како и упатување до Црвениот крст во врска со случаи на семејно разделување.

Правниците на МЗМП исто така во текот на 2016 година обезбедуваа правна помош и за бегалците и мигрантите задржувани во Прифатниот центар за странци во Скопје. Во текот на годината тие спроведоа 37 посети во Прифатниот центар за странци каде информираа и советуваа вкупно 68 задржани лица за правото на азил.

# БЕЗДРЖАВЈАНСТВО

Бездржавјанството и недостатокот на регистриран граѓански статус и лични документи претставува сериозен проблем во уживањето на основните социјални и економски права за голем број на лица кои живеат во Македонија. За повеќето од овие лица, сиромаштијата, маргинализацијата и дискриминацијата се „стандарден“ дел од секојдневниот живот. Најзасегнати се децата без државјанство кои растат сметајќи дека основните права се луксуз кој го добиваат повеќето деца, но не и тие.

МЗМП продолжи да обезбедува правна помош за лица без државјанство и лица изложени на ризик да останат без државјанство, со фокус на лица кои немаат запишано раѓање и лично име пред Управата за водење на матични книги при Министерството за правда. Во текот на годината, со помош на МЗМП, 41 дете и 11 други лица извршија упис на раѓање и лични имиња. Вкупно 90 лица добија правна помош при регистрација на граѓанскиот статус или документацијата.

Во 2016 година, МЗМП соработуваше со Одделението за странци и реадмисија и Одделението за државјанство за сите прашања поврзани со толкувањето на релевантните одредби од Законот за странците и Законот за државјанство. Во истиот период, МЗМП обезбеди правна помош на 290 лица со неодредена националност и нерегулирано државјанство. Како резултат, 92 лица добија македонско државјанство. МЗМП правно и финансиски го поддржа продолжувањето на дозволата за престој на 47 лица со неодредена националност во нивната потрага по стекнување државјанство.



*„Тука секој ден ги славиме човековите права: кога некому ќе му покажеме дека има право кое го штити, кога ќе го поддржиме да го оствари и кога ќе посведочиме како го ужива своето право. За мене, денот на човековите права е ден кога ја одбележувам радоста што имам шанса преку работата во МЗМП да придонесам кон поголема почит за човековите права.“,*

Мартина Мартинова, млад правник во МЗМП

# ДИСКРИМИНАЦИЈА И ДРУГИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во 2016 година беа забележани значителен број на случаи на дискриминација по основ на етничка припадност, пол, политичка (не) припадност и кон претставници на ЛГБТИ заедницата. Вообичаените политики, пракси и случаи кои ги повредуваат човековите права, а се присутни во општеството повеќе години се случуваа и во 2016. Како особено загрижувачки, покрај дискриминацијата, беа и повредите на следните човекови слободи и права: правото да се напушти државата, слободата на движење, правата од пензиско и инвалидско осигурување, како и правата од работен однос. МЗМП обезбеди правна помош и застапување за 421 жртви на дискриминација и на други повреди на човекови права.

Дискриминацијата на ромската етничка заедница на граничните премини во Република Македонија продолжи и во 2016 година. Во судска постапка водена во рамки на МЗМП, Апелациониот суд во Битола донесе пресуда со која утврди дискриминација на граничен премин. Судот се повика на Уставот на РМ според кој сите граѓани се еднакви во слободите и правата, како и на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова е втора правосилна пресуда поддржана од МЗМП со која се утврдува дискриминација и ограничување на правото на слободно движење на лицата од ромска национална припадност.

Бремените жени се исто така жртви на дискриминаторско постапување во работните односи. Во еден од предметите водени од МЗМП, Основниот суд Скопје II Скопје, донесе пресуда со која утврди дискриминација и нееднаков третман по основ на личен статус, семејна и брачна состојба, односно бременост со прекинување на работниот однос. Ваквата одлука на судот е од особено значење бидејќи за прв пат во Република Македонија е утврдена дискриминација по основ на бременост, како и поради фактот што во последната година во МЗМП беа пријавени поголем број на случаи на бремени жени кои откако го известиле работодавецот за својата состојба, не им бил продолжен договорот склучен на определено работно време.

Исто така и психичкото вознемирување на работното место односно мобингот е зачестена појава во Македонија што многу ретко се пријавува. Во еден предмет воден од страна на адвокат на МЗМП, Основниот суд Скопје II Скопје, донесе пресуда со која утврди психичко вознемирување на тужителот што предизвикало душевна болка, страв, понижување, повреда на достоинството, интегритетот, честа и угледот на тужителот со крајна цел напуштање на работното место.

Во 2016 година МЗМП одговори на вкупно 197 повици на бесплатната телефонска линија која е наменета за пријавување на повреда на човековите права и слободи. Најчестите правни прашања беа поврзани со присилно извршување на банкарски кредити, правото на судење во разумен рок, проблеми и пристап до права од социјална заштита, имотно правни прашања, семејни и статусни прашања, вработување и права од работен однос, како и дискриминација по основ на политичка припадност.

МЗМП обезбеди вкупно 110 правни совети преку 14 адвокати кои ги ангажираше во 2016. Најчестите правни прашања за кои адвокатите обезбедуваа бесплатни правни совети се однесуваа за пристапот до инвалидска пензија, заштитата на сопственоста, проблемите со извршувањето на банкарски кредити, дискриминацијата по основ на политичка припадност, социјалната заштита, заштитата на лица со психичка или физичка попреченост, полициската злоупотреба, имотно правните

прашања и долгови, работните спорови итн. Во текот на октомври 2016 година, МЗМП одржа „Отворени денови“ со граѓаните на Охрид и Струга под паролата „Запознај ги своите права“. На околу 300 жители на општините им беа поделени промотивни летоци за запознавање со нивните основни човекови права, а воедно беа запознаени и со бесплатната телефонска линија на која можат да пријават повреда или прекршување на некое право. Над 60 лица имаа можност да разговараат со некој од присутните адвокати.

Во текот на номеври 2016 година, МЗМП учествуваше во дводневната Програма за психолошка поддршка на родители на деца со посебни потреби, настан организиран од страна на Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби. Присуството на правник од МЗМП овозможи правна помош на 20 родители кои имаат потреба од советување или подетално разгледување на правните предизвици со кои се соочуваат.



*„Со самиот упис на Правниот факултет започнав да се гледам себе си како борец за човековите права. Но, работата во МЗМП ме стави во првите борбени редови на оваа битка! Преку МЗМП успевам некому да помогнам и да внесам радост и дел од мојата енергија во овој сив свет во кој живееме!“,*

Бојана Божиновска, млад правник во МЗМП

# II ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА





*„Среќна сум (и имав среќа) што бев една од избраните млади правници во Програмата за практикантска работа. За кратко време научив многу и се соочив со нови теми и начини на размислување. Почувствував дека добивам знаење кое ми недостасувало, знаење кое ме припреми за наредните предизвици. Соработката, дискусиите со колегите и советите кои ми ги дадоа ми се особено важни.“* **– Горица Наџинска, практикант кај Народниот правобранител и во адвокатска канцеларија преку Програмата за практикантска работа на МЗМП**

*Во текот на 2016 година, МЗМП организираше и одржа вкупно* ***59 обуки*** *преку кои правна едукација во областите на работа на МЗМП добија околу* ***1001 млади правници и адвокати****, но и претставници на владини институции, судството и граѓанското општество. Дополнително, МЗМП обезбеди практикантска работа за* ***147 млади правници во 34 институции****, судови и адвокатски канцеларии во* ***11 градови низ Македонија.***





На почетокот на 2016 година, МЗМП воспостави посебен веб сајт, наменет за млади правници и адвокати, кој е составен од електронска библиотека и курсеви. Е-библиотеката содржи основни податоци за стратешките предмети кои МЗМП ги води, како и правна литература од значење за младите правници. Курсевите содржат тонски снимки од неколку тематски обуки и презентации подготвени и спроведени од експерти ангажирани за одржување на обуки на различни теми од областа на човековите права, Европската конвенција за човековите права, критериумите за допуштеност на апликации и статусот на жртва за целите на поднесување на апликација пред Европскиот суд за човекови права. Сајтот е достапен на: http://e-learning.myla.org.mk/.

**Во областа на азилот и миграциите, МЗМП во 2016 година одржа 20 обуки за околу 364 млади правници и адвокати, претставници на владини институции, судството и граѓанското општество.**

Како последица на бегалската криза, претставници од институции и граѓански организации беа активно присутни на терен во 2016 година, поради што МЗМП обезбеди соодветна обука за 202 теренски работници. Обуките се однесуваа на стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци и ранливи категории на странци, како и на родовите аспекти од обезбедувањето заштита на бегалците и мигрантите. Дополнително,

МЗМП организираше две обуки и една студиска посета во Холандија за 53 правници, адвокати, судии и советници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи, кои работат во оваа област. Во дел од едукативните активности, МЗМП вклучи и 50 претставници на граничната полиција кои ги обучи за користење на Прирачникот на ФРОНТЕКС за почитување на основните права и за постапување при враќање на лица од трети земји согласно Директивата на ЕУ 2008/115. МЗМП посветено работеше и на обезбедување едукација за студенти по право, млади правници и адвокати заинтересирани за оваа област и успеа 60 од нив да ги воведе во основите на бегалското право и азилот.

**Во областа на бездржавјанството, МЗМП во 2016 година одржа 10 обуки за 23 претставници на Ромските информативни центри и граѓански организации, како и 3 предавања за 85 средношколци и студенти по право.**

Како активен поддржувач на работата на ромските информативни центри низ државата и невладините организации кои даваат поддршка на лицата без државјанство, МЗМП обезбеди 13 обуки за 23 нивни претставници кои се однесуваа на постапките за дополнителен упис на раѓање и лично име, регулирање на престој и натурализација. Дополнително, МЗМП им овозможи на 85 средношколци и студенти по право да се запознаат со проблемот на бездржавјанство кај децата во Македонија.

**Во областа на дискриминацијата, МЗМП во 2016 година одржа 9 обуки и советувања за 166 претставници на маргинализирани заедници, организации и медиуми и една обука за 25 членови на Секцијата на жени при Македонскиот полициски синдикат.**

Во текот на 2016, МЗМП организираше седум работилници на кои се разговараше за тоа што е дискриминација, како да се препознае истата, каде и кога да се побара заштита и кои прописи ја регулираат во Македонија. На работилниците беа обучени Роми, лица со попреченост, ЛГБТИ лица, претставници на организации и медиуми. Дополнително, МЗМП организираше едно советување на тема „Правната заштита на жени работнички кои се жртви на дискриминација за време на бременост, раѓање и мајчинство“ на кое учество земаа 29 правници, адвокати и претставници на граѓанското општество. Како дел од воспоставената соработка со Македонскиот полициски синдикат, МЗМП одржа обука за членовите на Секцијата на жени при Македонскиот полициски синдикат за тоа што претставува дискриминацијата, како да се заштитат лицата од дискриминаторско постапување, со посебен фокус на дискриминација по основ на пол и статус. На еден настан за вмрежување одржан во соработка со Специјалното основно училиште Маца Овчарова од Велес, 18 претставници на локални невладини организации кои работат на проблеми поврзани со инвалидност и поддршка на семејства и родители на деца со попречености имаа можност да се запознаат со правната постапка и принципите за спречување на дискриминација по основ на попреченост.

## Во областа на другите човекови права, МЗМП во 2016 одржа 15 обуки, работилници и советувања за 309 млади правници, адвокати, претставници на институции и организации.

МЗМП во 2016 се фокусираше на поддршка преку правна едукација на младите правници и адвокати од областа на човековите права, со посебен фокус на Европската конвенција за човекови права, јавно говорење и тимска работа и овозможи обуки за вкупно 172 од нив. Со цел да обезбеди форум за дискусија и дебата, но и соодветни правни информации во врска со актуелни теми и проблеми, МЗМП организираше советувања на кои учество земаа 66 адвокати, претставници на граѓански организации и граѓани. Избраните теми се фокусираа на правните лекови во случаи на остварување на правата од социјална заштита, обврската за плаќање надомест на граѓаните кои не користат топлинска енергија и слободата на изразување, односно говорот на омраза. Една од темите на кои МЗМП обезбеди обука се однесуваше на тоа како правилно да се известува јавноста за повреди на човекови права на која беа присутни 26 учесници од 15 невладини организации од различни региони низ Македонија. Обуката им овозможи на учесниците да се стекнат со знаења и вештини потребни за правилно известување на јавноста за поединечни случаи на повреди на човековите права кои во рамки на своето работење и дејствување ги имаат идентификувано, како и да придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанските организации во следењето на состојбата со заштитата на човековите права во локалните заедници. Дополнително, во 2016 МЗМП се фокусираше и на темата поврзана со пристапот на жените до правда, и во соработка со здружението за еднакви можности „Еднаков пристап" организираше серија од четири обуки за 45 адвокати, претставници на институции и организации на кои тие имаа можност да ги зголемат знаењата за родово-базираното насилство и пристапот на жените до правда преку користење на правните можности.



*„За време на практикантската работа во МЗМП, научив многу за различните предизвици во заштитата на човековите права и пристапот до правдата. Ова искуство ми ги отвори очите за тоа што значи да им се обезбеди бесплатна правна помош на луѓето – без МЗМП, луѓето би биле заборавени во нивната борба за основните човекови и социјални права."*

**– Џудит Баудер од Австрија, член на ЕЛСА и практикант во МЗМП**

# III ИСТРАЖУВАЊЕ, ПОЛИТИКИ И ЗАСТАПУВАЊЕ

Македонското здружение на млади правници преку своите активности и иницијативи во 2016 година даде придонес кон подобрувањето на институционалните политики и практики во насока на зајакнување на владеењето на правото и заштита на човековите права.

## МЗМП УЧЕСТВУВА ВО РАБОТНАТА ГРУПА КОЈА РАБОТИ НА ТЕКСТОТ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во првата половина на октомври 2016 година, Министерство за правда формираше работна група која ќе работи на текстот на новиот Закон за бесплатна правна помош. Предлозите на одредби се изработени од страна на Агрис Баталаускис, експерт од Латвија кои се резултат на низата состаноци кои експертот претходно ги одржа со МЗМП.

Како член на работната група, МЗМП ја истакнува потребата од донесување на комплетно нов закон поради бројноста на даватели на правна помош во Македонија, потребата од воспоставување на јасни постапки и јасни прецизни рокови, воспоставување на функционален систем во кој секоја од засегнатите страни точно ќе ја знае нејзината улога, како и потребата од обезбедување на правна помош секому кому му е навистина потребна, а не само за оние кои немаат можност да си ја дозволат. Како членови на работната група, освен претставници од главните сектори на Министерството, се и судии од Основен суд Скопје 2 Скопје, Министерство за труд и социјална политика и Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, Министерство за внатрешни работи и Адвокатска комора на РМ.





## МЗМП УЧЕСТВУВА ВО РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

На покана на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, МЗМП од септември, 2016 година учествува во работната група за подготовка на предлог текст на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

МЗМП прво достави предлог измени на законот согласно досегашнато искуство во примената на законот, за потоа преку претставник МЗМП активно да се вклучи во изготвување на предлог текстот на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Предлозите на МЗМП за измена на овој закон се одраз на долгогодишното искуство во работењето и имплементацијата на законот во пракса, како и водењето на многубројни постапки пред надлежните органи. Движечки мотив на МЗМП е дека соодветната заштита на жртвите од дискриминација е императив во градењето демократско општество.

## МЗМП Е ДЕЛ ОД ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Собранието на Република Македонија во април 2016 година усвои измени на Законот за азил и привремена заштита. МЗМП цени дека овие измени значително ја намалуваат заштитата која Македонија им ја пружа на барателите на азил и им ги ускратува човековите права загарантирани со Европската конвенција за човекови права и Конвенцијата за статусот на бегалците на Обединетите Нации. Загрижени од можното кршење на правата на барателите на азил и бегалците МЗМП во текот на мај 2016 изготви правно мислење со детална анализа на проблемите што произлегуваат од секој изменет член.

МЗМП во мислењето нагласи дека предложените измени значително ја попречуваат заштитата на барателите на азил во постапката за признавање право на азил и дека го кршат законодавството на ЕУ, ЕСЧП и Конвецијата за правата на детето, а меѓу другото е во спротивност со другите членови на Законот за азил и привремена заштита. Мислењето беше објавено на сајтот на МЗМП и доставено до партнерските организации и Секторот за азил при МВР, Секретаријатот за европски прашања и Законодавно-правната комисија на Собранието на Македонија.

Правното мислење исто така беше споделено со Народниот правобранител на РМ и послужи како основа за тоа Народниот правобранител на 20 јуни да достави до Владата на Република Македонија Иницијатива за измени на Законот за азил и привремена заштита. Предлогот беше подготвен од страна на МЗМП и Народниот правобранител, а поддржан од голем број партнерски организации.

Оваа одредба стапи на сила во јануари 2015 година и беше искористена да престане правото на социјална односно постојана парична помош на 1500 лица заради тоа што примиле средства преку услугата брз трансфер на пари во 2014 година. Ваквата примена на право претставува ретроактивна примена на неповолен пропис, нешто што е изрично забрането со Уставот на РМ.

МЗМП во соработка со своите парнерски организации овозможи 50 лица да поднесат жалби против ваквите решенија во кои беше укажано на ретроактивната примена на пропис меѓутоа МТСП ги одби жалбите без воопшто да се произнесе по наводите. МЗМП започна управни спорови во овие предмети, а во 16 од нив Управниот суд донесе пресуди во корист на тужителите. Како резултат на сериозноста на ретроактивната примена на закон МЗМП изработи и достави и правно мислење до МТСП и Народниот правобранител.

## УСПЕШНА ИНИЦИЈАТИВА НА МЗМП ЗА УКИНУВАЊЕ НА СПОРНАТА ОДРЕДБА КОЈА ПРОТИВУСТАВНО СЕ ПРИМЕНИ НА 1500 ЛИЦА НА НИВНА ШТЕТА

На 27 јануари 2016 година, Министерството за труд и социјална политика (МТСП), ја укина одредбата од Правилниците за социјална и постојана парична помош со која приходите примени преку услугата брз трансфер на пари (Western Union, Money Gream) се износ кој се засметува при утврдувањето на имотната состојба на лицата кои користат социјална или постојана парична помош. Со ова, брзиот трансфер на пари повеќе не претставува еден од условите за утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права при остварување на правото на социјална паричина помош или постојана парична помош.

## МЗМП УЧЕСТВУВАШЕ ВО ПОДГОТОВКАТА НА СТАНДАРДНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

Во март и април 2016 година, започна процесот на донесување на Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории на лица-странци, со поддршката од МЗМП. Процедурите се фокусираат на ранливите категории на лица и имаат цел да се создадат поволен систем за идентификација и упатување, во насока на обезбедување пристап до меѓународна заштита за лицата кои имаат потреба. СОП беа усвоени од страна на Владата на РМ во текот на истата година.

МЗМП исто така учествуваше во процесот на изготвување на Стандардните оперативни процедури за превенција и одговор на сексуално и родово базирано насилство

во итни и кризни состојби и катастрофи, во рамки на институционалното раководство на Министерството за здравство. МЗМП беше дел од работната група за правда и заштита.

## НАГРАДА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА НА БЕГАЛЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА МЕШАНИТЕ МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА ВО 2015 И ИЗЛОЖБА НА ТЕМА „БЕГАЛСКИОТ БРАН ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА“

Со цел да се поддржи непристрасно слободно медиумско известување и да се подигне свеста за состојбата со бегалците, барателите на азил и мигрантите во Македонија, Македонското здружение на млади правници во соработка со Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации во Скопје и Здружението на новинари на Македонија, по втор пат организираше доделување на „Награда за професионално известување за состојбата на бегалците во текот на мешаните миграциски движења во 2015 година во Македонија“.

Свеченото доделување на наградите се одржа на Меѓународниот ден на бегалците, 20 јуни, како дел од заеднички настан со партнерските организации, институции, бегалците и други гости.

Во поддршка на фоторепортерите кои неуморно работеа и ни овозможија да видиме директно во срцта на кризата, МЗМП заедно со канцеларијата на УНХЦР во Скопје и со Здружението на новинари на Македонија оганизараше награда и изложба на тема „Бегалскиот бран во Македонија во 2015 година“. Изложбата се одржа на 18 ноември со 53 изложени фотографии.

## МЗМП СО ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА

МЗМП активно се вклучи со иницијативи за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција). МЗМП во партнерство со Здружението за еднакви можности Еднаков пристап, се обрати за поддршка до Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика и организираше настан на кој се дискутираше за значењето од ратификација на конвенцијата, на кој учество земаа сите релевантни актери.

## МЗМП И ОРГАНИЗАЦИИТЕ ПАРТНЕРИ СО РЕАКЦИИ ПО ПОВОД РЕСТРИКТИВНАТА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА КАКО ОДГОВОР НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

По воведувањето на селективните гранични политики, МЗМП заедно со организациите партнери во отворено писмо ја осудија серијата од дискриминаторски и опасни мерки усвоени од страна на европските земји за да ги одвратат ранливите луѓе од потрага по заштита: „Ги повикуваме европските влади да преземат мерки за да обезбедат исполнување на хуманитарните потреби на луѓето во движење и на своите обврски според меѓународното право“.

Во пресрет на Европскиот совет кој се одржа на 28 и 29 јуни, МЗМП и повеќе од 100 невладини организации низ Европа, предупредија дека со планот за миграции, Европската Унија и нејзините земји членки преземаат ризик од намалување на сопствениот кредибилитет и авторитет кога станува збор за одбраната на човековите права.



## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ НА МЗМП ЗА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА СПРЕЧУВАЊЕТО ДА СЕ НАПУШТИ ТЕРИТОРИЈАТА НА РМ

Со цел подобрување на практиката на институциите во однос на маргинализираните групи, до релевантните институции кај кои беше забележано постапување спротивно од законски предвиденото, беше доставено правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на македонски државјани поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од Шенген зоната. Правното мислење е достапно и на веб страницата на МЗМП.

## УСПЕШНА ИНИЦИЈАТИВА НА МЗМП ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА БЕЗДРЖАВЈАНСТВО КАЈ ДЕЦАТА

МЗМП организираше работен состанок на тема „Предизвици во интеграцијата на бегалците и лицата без државјанство во Македонија" каде што прашањето за бездржавјанството кај децата беше покренато како една од клучните теми. На работниот состанок присуствуваа претставници на граѓански и меѓународни организации и претставници од надлежните државни органи, како што се Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител. Како резултат, беа извршени дополнителни уписи на раѓањата на пет деца во рок од 2 недели по настанот.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И КОМУНИКАЦИИ

*Покрај спроведувањето на активности кои делуваат директно врз засегнатите страни, МЗМП води и комуникациски активности со цел зајакнување на свеста кај општата јавност и посебните целни јавности за предизвиците со кои се соочуваат лицата од различни целни групи, како што се бегалците, мигрантите, барателите на азил и лицата без државјанство, меѓу другите.*

Во обид што повистинито да се доближат проблемите на овие лица на јавноста, МЗМП спроведе две видео кампањи и изработи написи и фото есеи во кои своите приказни ги раскажуваат токму овие лица. Покрај специјализираните кампањи, МЗМП преку своите канали на социјалните мрежи и вебстраната постојано информира како за активостите на здружението, така и за теми кои ги засегаат студентите по право и младите правници. Со редовно објавување релевантни содржини, Фејсбук страната на МЗМП претставува место каде што младите правници и други засегнати лица добиваат информации и го надградуваат своето знаење за заштитата и промовирањето на човековите права, за подобрувањето на правните студии и правничката професија, за владеењето на правото, како и за други поврзани теми. Подолу се наведени дел од кампањите кои ги водеше МЗМП во текот на 2016 година.



## Нејзината борба е и моја борба! Да им го вратиме достоинството на овие жени!




Ова видео ги претставува приказните на жените бегалки/мигрантки кои престојуваат во транзитните и прифатните центри во Македонија. Нивната приказна е приказна на мачнина и очај, но и на надеж и визија за иднината.

## Да сториме сé за да го искорениме бездржавјанството!




Овие лица не се невидливи. Тие живеат со нас! Намената на ова видео е да ја открие и доближи појавата бездржавјанство на пошироката јавност, како сложен проблем со сериозни последици по животот и функционирањето на стотици лица во Македонија, но и на повеќе од 10 милиони лица низ светот. Особено допрени од овој проблем се децата.

Во 2016 година, Македонското здружение на млади правници продолжи со своите истражувачки активности и како дел од нив објави 18 анализи, извештаи и други истражувања. Сите се достапни на веб страницата на МЗМП: www.myla.org.mk

### „Затворени граници“ - Програмски извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија, со посебен фокус на жени и деца




Извештајот претставува анализа на проблемите со кои се соочуваат бегалците и мигрантите, особено жените и децата кои транзитираат или престојуваат во Македонија и Србија по затворањето на Балканската рута. Документот ја анализира состојбата од аспект на обезбедување заштита на овие лица, а содржи и препораки за тоа како да се заштити нивната безбедност, достоинство и човекови права.

### „Права на барателите на азил и мигрантите“- Збирка пресуди на Европскиот суд за човековите права со коментар




Збирката настана како резултат на потребата на оние кои работат со оваа материја да имаат пред себе книга на македонски јазик, која на едноставен начин ќе им ги приближи најважните пресуди на ЕСЧП за заштита на правата на мигрантите и барателите на азил. Оваа книга покрај преводите на пресудите нуди анализа и коментари на праксата на ЕСЧП во однос на приложените пресуди.

### „Достапноста и пристапот до бесплатна правна помош за лицата баратели на азил во Република Македонија“ - Анализа




Анализата се води од потребата за проценка на ефективноста и ефикасноста на системот за бесплатна правна помош во постапката за признавање право на азил. Целта на анализата е да претставува една основа за понатамошно подобрување на законските решенија и практитките на главните актери во системот на бесплатната правна помош.

## „Имиграциски притвор во Македонија (2016)“ – Годишен извештај на МЗМП

Извештајот претставува преглед на праксата во Македонија на задржување на странци од имиграциски причини во Прифатниот центар за странци во текот на 2016 година. Извештајот вклучува достапни податоци за бројот на задржаните лица, основите и условите на задржување и постапката за азил на оние кои побарале азил по ослободувањето.




## „Одговор на МЗМП на кризата – преглед на 2015 година“ – Теренски извештај на МЗМП

Теренскиот извештај на МЗМП ја анализира состојбата на терен по почетокот на бегалската криза во 2015 година. Како организација активно присутна на терен со цел обезбедување правна помош и информации за бегалците во Гевгелија, МЗМП во извештајот ги опфаќа сите аспекти од кризата, вклучувајќи ја и состојбата со правата на лицата засегнати од кризата.




## „Непридружувани и разделени малолетници во процес на враќање“ – Документ за дискусија

Документот за дискусија “Непридружувани и разделени малолетници во процес на враќање” има за цел зајакнување на системот на заштита на разделени и непридружувани деца - мигранти преку директна поддршка, градење на граѓанските и институционалните капацитети и подобрување на политиките на Република Србија и Република Македонија.



### **„Родови аспекти на обезбедувањето заштита на бегалци и мигранти во Република Македонија“ - Прирачник**




Главната цел на овој прирачник е да обезбеди разбирање на основните поими поврзани со родова еднаквост, недискриминација и постапување со жени бегалки/мигрантки. Неговата намена е да се користи како четиво за подигнување на свеста и сензибилизација на лицата кои се наоѓаат во прв контакт за прифат и првична помош на бегалци/ки и мигранти/ки, како и оние кои обезбедуваат различен тип на услуги за истите.

### **„Перспективите за воспоставување на граничен мониторинг во Македонија“ – документ за дискусија**




Овој документ за дискусија го анализира граничниот мониторинг во контекст на азилот и миграциите кој претставува систематска активност чија цел е следење и документирање на спроведувањето на домашните процедури за време на справување со мигранти и потенцијални баратели на азил на границите и дали нивните човекови права се почитуваат.

### **„Пристап до социјална заштита и натурализација за бегалците и лицата под супсидијарна заштита во РМ“ – Документ за дискусија**




Овој документ за дискусија ја анализира релевантната правна рамка која се однесува на правата што им следуваат на бегалците и лицата под супсидијарна заштита во процесот на интеграција, а особено правото на социјална заштита и натурализација. При тоа, документот ги идентификува најголемите предизвици во пристапот до овие права и дава соодветни препораки за нивно надминување.

### Регионално истражување за бездржавјанството




Целта на ова истражување е да се прикаже на сеопфатен начин состојбата со бездржавјанството во секоја од земјите од Западен Балкан и тоа: причините поради кои одредени лица се соочуваат со овој проблем, потешкотиите со кои секојдневно се соочуваат, законската регулатива на секоја од земјите во врска со овој феномен и заштитата која им е овозможена на овие лица, меѓународните ратификувани инструменти, како и мерките кои секоја граѓанска организација ги презема со цел да ја подигне свеста за овој проблем на ниво на својата земја со цел успешна борба во искоренување на овој феномен.

### „Нашите невидливи деца – Бездржавјанство кај децата во Македонија“ – Информативна брошура




Во информативната брошура се дадени информации за значењето на бездржавјанството, причините и обемот на бездржавјанството кај децата и клучните мерки што треба да се преземат за искоренување на бездржавјанството во Македонија. Во брошурата се вклучени и фотографии од деца без државјанство во Македонија.

### Анализа за случаи од стратешко застапување




Анализата содржи осврт на предметите од областа на дискриминацијата кои беа преземени и поддржани во рамки на работата на Македонското здружение на млади правници. На крај на анализата се изведени одредени заклучоци и препораки кои би им помогнале на сите оние лица кои биле, се или ќе бидат жртви на дискриминација, и ќе ги охрабрат во искористување на правните средства со кои би можеле да остварат заштита на нивните човекови права.

### „Имате права! Кажете не на дискриминацијата“ – Прирачник




Овој Прирачник содржи информации за заштита од дискриминација според прописите кои важат во Република Македонија. Прирачникот појаснува што е тоа дискриминација, како да се препознае, кога и каде да се побара заштита и кои правни средства може да се искористат во случаи на дискриминација. Целта на прирачникот е да ги поттикне граѓаните да бараат заштита на своите права и да придонесе за општество без дискриминација.

### Извештај за ставовите, потребите и предизвиците на младите правници во РМ




Извештајот за ставовите потребите и предизвиците на младите правници во РМ ги идентификува и анализира проблемите и предизвиците со кои се соочуваат студентите по право и дипломираните правници во правничката кариера. Извештајот има за цел да укаже на проблемите и предизвиците со тие се соочуваат при студирањето, приправничкиот стаж, полагањето на правосудниот испит и влезот во некои од правничките професии.

### Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија (септември 2014 – декември 2015)




Извештајот има за цел да ги презентира повредите на човековите права кои се забележани во периодот од септември 2014 до декември 2015. Покрај документирањето на повредите на човековите права, извештајот ја анализира и ефикасноста на правните средства, пред сé на судската заштита на граѓаните во забележаните случаи. Извештајот има за цел да придонесе во создавање слика на состојбата со човековите права во РМ.

## Индекс за човекови права – второ издание




Индексот за човекови права (ИЧП) е алатка развиена од Македонското здружение на млади правници со цел да се следи годишниот развој на унапредување на човековите права во Македонија. ИЧП е составен врз разновидна база на информации и е дизајниран за да ја рефлектира моменталната состојба со човековите права во Македонија.

## „Обезбедување на информации, совети и правна помош во Република Македонија“ – Извештај за Македонија (2016)




Извештајот дава одговор на прашањето колку системот за обезбедување на информации и бесплатна правна помош воспоставен во легислативата на РМ е ефективен и колку одговара на потребите на граѓаните во државата. Извештајот, исто така, вклучува и анализа на правната, административната и институционалната рамка за системот на обезбедување на трите права на граѓаните и тоа, пристапот до информации, совети и активна помош и содржи препораки за подобрување на системот.

## „Пристап на жените до правда“ - Анализа




Анализата има за цел да ја идентификува состојбата со пристапот до правда на жените со посебен фокус на жените жртви на родово засновано насилство. Анализата придонесува кон идентификување на потребите од промени во законската регулатива и процедури кои ќе овозможат поголема достапност до правда на жените жртви на родово засновано насилство и соодветна помош и поддршка согласно нивните потреби втемелени на еднаков пристап и еднакви можности.

# ПАРТНЕРСТВА

Во 2016 година работата на МЗМП ја подржаа нашите долгогодишни партнери и соработници на кои сме им неизмерно благодарни.

# РАКОВОДСТВО

На 14 ноември 2016, МЗМП одржа Годишно собрание на кое за нови членови на Управниот одбор на МЗМП беа избрани правничките Софија Бојковска, Ирена Здравкова, Бисера Митиќ и Маја Атанасова, на местата на досегашните членови на одборот Катерина Митреска, Лазар Сандев, Љупка Новеска Андонова и Бојан Ѓуровски.

На местото на досегашниот претседател на МЗМП, Мартина Смилевска К'чева, чиј мандат заврши заклучно со овој настан, се избра Зоран Дранговски, кој ги помина последниве шест години во МЗМП.



*Ирена Здравкова, Софија Бојковска, Зоран Дранговски, Бисера Митиќ и Маја Атанасова*

**Македонско здружение на млади правници**

# КОНТАКТИРАЈТЕ НÉ







- **16 вработени** во седиштето на МЗМП во Скопје
- **6 вработени** во канцеларијата во Шуто оризари
- **4 вработени** во Прифатен центар за баратели на азил во Визбегово

- **10 правници** во „Винојуг“ во Гевгелија
- **3 правници** во „Табановце“ во Куманово
- **10 преведувачи** во Винојуг и Табановце

- **36 адвокати низ државата**

**Канцеларија Центар**
ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје
телефон: 02 3 220 870

**Канцеларија Шуто Оризари**
ул. Македонско-косовска бригада 17/2, 1000 Скопје
телефон: 02 2 655 844

**www.myla.org.mk | contact@myla.org.mk**